Акционерско Друштво за производство

И промет на стока и сточни производи

СТОКОПРОМЕТ АД СКОПЈЕ

Бр. 72

26.05.2023 година

Годишно собрание

Врз основа на член 48 од Статутот на Стокопромет АД Скопје, член 344, член 378 и член 383 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на седница одржана на ден 26.05.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на членови на Надзорниот одбор на СТОКОПРОМЕТ АД Скопје

1. Надзорниот одбор е составен од 4 члена. При изборот на членови на Надзорниот одбор се определува кој од предложените кандидати е независен член на Надзорниот одбор.
2. Членовите на Надзорниот одбор се избираат со мандат од 6 години. Членовите може да бидат избрани повторно по истекот на мандатот, без оглед колку пати биле претходно избрани.
3. За членови на Надзорниот одбор се предложени следните кандидати:

- **САШКО КРСТЕВСКИ** од Велес, како независен кандидат. Дипломиран економист, Управител и сопственик на ДПТ Аграр Трејд Велес. Во Стокопромет АД не поседува акции.
- **РИСА ВЕЛКОВА** од Скопје, пензионер и поранешна вработена во Стокопромет АД Скопје. Поседува 384 акции.
- **ГОРДАНА ТОЗИ** од Скопје. Вработена во друштвото и поседува 32 акции.
- **ГРОЗДАНА АРСОВСКА** од Скопје. Вработена во друштвото и поседува 180 акции.

4. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието согласно закон.
5. За избрани се сметаат кандидатите кои ќе добијат најголем број гласови. Дадените гласови за секој од кандидатите се пресметуваат поединечно.
6. Гласањето е јавно.
7. Оваа одлука стапува на сила од денот на донесувањето.
8. Оваа одлука ќе се пријави во Централниот Регистар во рокот определен со закон.

Претседавач,